Врз основа на член 61 и член 65 од Законот за животна средина (Сл.весник на РМ бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 42/14 и 44/15) и член 3 од Уредбата за учество на јавноста во текот на изработката на прописи и други акти, како и планови и програми од областа на животната средина („Службен весник на РМ“ бр.147/08) како и член 24 став 1 точка 23 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-пречистен текст („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров" бр.18/13), **Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров - Скопје го дава следното:**

# И З В Е С Т У В А Њ Е

## За Јавна расправа и јавен увид

### по Нацрт Извештајот за стратегиска оцена на влијание врз животната средина на Урбанистички план за село Кучково со разработка на карактеристичен блок, Општина Ѓорче Петров-Скопје

**Се известуваат јавноста и невладините организации ,граѓаните и правните лица, дека Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе Одлука за организирање на Јавна расправа и јавен увид по Нацрт Извештајот за стратегиска оцена на влијание врз животната средина на Урбанистичкиот план за село Кучково со разработка на карактеристичен блок, Општина Ѓорче Петров-Скопје,изготвен од ТЕХНОЛАБ ДОО Скопје.**

- **Јавниот увид ќе се спроведе со излагање на Извештајот во просториите на Општина Ѓорче Петров–Одделение за Урбанизам и просторно планирање, на ул.Ѓорче Петров бр.10, Скопје и на веб страната на општината www.opstinagpetrov.gov.mk и ќе трае 30 дена сметано од денот на објавувањето во јавното гласило „Утрински весник“ и на веб страната на општината.**
- **Јавната расправа по Извештајот за стратегиска оцена на влијание врз животната средина** изготвен од ТЕХНОЛАБ ДОО Скопје ќе се одржи во просториите на општина Ѓорче Петров (сала за состаноци)на ул.Ѓорче Петров бр.73, Скопје на **23.07.2015год. со почеток во 09 ч.**

Во определениот рок заинтересираната јавност, правни и физички лица од конкретното подрачје опфатено со Планот можат да доставаат мислења по истиот на **kontakt@opstinagpetrov.gov.mk.**

**Број 09-1897/2**
**Од 06.07.2015 година**
**С к о п ј е**

**Општина Ѓорче Петров**
**Г р а д о н а ч а л н и к,**
**Сокол Митровски с.р.**